ЗЕЛС

ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

BNJVL

GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SE MAQEDONISË




12 • 2009

ОРГАНИЗИРАНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „ЧЕТИРИ ГОДИНИ ОД ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА ВО РМ"

## ОПШТИНИТЕ ЌЕ ГИ ИНТЕНЗИВИРААТ

СВОИТЕ БАРАЊА ПРЕД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ

U ORGANIZUA KONFERENCA

## „KATËR VITE NGA PROCESI I DECENTRALIZIMIT NË RM"

## KOMUNAT DO T'I INTENSIFIKOJNË

KËRKESAT E TYRE PARA PUSHTETIT QËNDROR

Почитувани,

Измина и последниот месец од годината, месец декември, во кој ЗЕЛС спроведе низа активности посветени на зајакнување-то на капацитетите на нејзините членки и на обезбедувањето на подобри услови за натамошно спроведување на децентрализацијата. Овој месец, позитивна евалуација доби Општината Петровец, со што се зголеми бројот на општините кои се во втората фаза на фискална децентрализација, а како резултат на постојаните притисоци на ЗЕЛС, се очекува наскоро да бидат реализирани можностите за надминување на препреките и за преостанатите општини и тие да започнат да ги реализираат обврските од повисокото фискално ниво. Средбите со министерот за финансии вродија со позитивни резултати за локалните власти, околу зголемувањето на средствата од ДДВ, за 04% за 2010 година. Притисоците на ЗЕЛС вродија и со уште еден успех, па токму во овој месец министерот за транспорт и врски објави дека дефинитивно, управувањето со градежното неизградено земјиште ќе го вршат општините. Веќе на почетокот на следната година ќе дејствуваме, наместо најавената 2011 година, тоа да се случи што е можно порано. За жал, неуспешна беше средбата на претставниците од ЗЕЛС со министерот за образование и наука, на која се реагираше на намалувањето на средствата за образование за општините, за 2010 година, за околу 300 миилиони денари. На тоа реагираа и членовите на УО на седницата одржана на 16 декември, по што беше упатено и протестно писмо до министерот Тодоров. Бурни реакции на оваа тема градоначалниците изнесоа и на втората седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС, што се одржа на 17 декември и на кое претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски ги изнесе сите овогодишни постигнати успеси на ЗЕЛС, но говореше и за проектираните идните активности. Истиот ден ЗЕЛС, со финансиска поддршка на ОБСЕ, ја организира и Конференција за одбележување на четири години од процесот на децентрализација во нашата земја. ЗЕЛС исто така, овој месец одржа и прва Конференција посветена на информатичко -комуникациската технологија во општините, на која беше промовиран и Прирачникот за изработка на ИКТ за општините, со што ЗЕЛС го дава својот придонес за нејзините членки и во оваа област. За сето ова како и за низата обуки и средби кои во текот на месец декември ги одржа ЗЕЛС ќе прочитате поопширно во овој број на Гласилото. Бидејќи следното издани е на нашето и Ваше Гласило ќе излезе во 2010 година , ја користам можноста да Ви посакам успешна и берикетна НОВА 2010 ГОДИНА , исполнета со добро здравје и срeќни мигиви.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС




Të nderuar,

Kaloi edhe muaji i fundit i vitit, muaji dhjetor, në të cilin BNJVL zbatoi sërë aktivitetesh të dedikuara për përforcimin e kapaciteteve të anëtareve të saja dhe sigurimit të kushteve më të mira për zbatimin e mëtutjeshëm të decentralizimit. Këtë muaj, evaluim pozitiv, fitoi komuna e Petrovecit, me ç'rast u rrit numri i komunave që janë në fazën e dytë të decentralizmit fiskal, e si rezultat i shtypjeve të vazhdueshme të BNJVL-së, pritet që së shpejti të realizohen mundësitë për tejkalimin e pengesave edhe për komunat tjera që edhe ato të fillojnë t'i realizojnë obligimet nga niveli më i lartë fiskal. Takimet me ministrin për financa treguan rezultate pozitive për pushtetet lokale, rreth rritjes së mjeteve të TVSH, për 4% për vitin 2010. Shtypjet e BNJVL-së krijuan edhe një sukses tjetër, pikërisht këtë muaj, ministri për transport dhe lidhje theksoi se definitivisht menaxhimin e tokës së pandërtuar ndërtimore do t'a kryejnë komunat. Më, në fillim të vitit të ardhshëm do të veprojmë, në vend të vitit 2011 të shpallur, kjo të ndodhë sa më herët që është e mundur. Për fat të keq, i pasuksesshëm ishte takimi i përfaqësuesve të BNJVL-së me ministrin për arsim dhe shkencë, në të cilin u reagua për zvogëlimin e mjeteve për arsim për komunat, për vitin 2010, rreth 300 milion denarë. Për këtë reaguan edhe anëtarët e BD në seancën e mbajtur më 16 dhjetor, me ç'rast u dërgua edhe letër në shenjë proteste deri te ministri Todorov. Reagime të mëdha në këtë temë kryetarët e komunave paraqitën edhe në seancën e dytë të Kuvendit gjeneral të BNJVL-së, që u mbajt më 17 dhjetor, në të cilin kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovksi, i paraqiti të gjitha sukseset e arritura të BNJVL-së për këtë vit, por përmendi edhe aktivitetet projektuese të ardhshme. Atë ditë BNJVL, me përkrahje financiare nga OSBE, organizoi edhe Konferencë për shënimin e katër viteve të decentralizimit në vendin tonë. BNJVL gjithashtu këtë muaj mbajti edhe Konferencën e parë të dedikuar për teknologjinë informatike-komunikative në komunat, në të cilën u promovua edhe Doracaku për hartimin e TIK për komunat, me çka BNJVL jep kontributin e saj për anëtaret e saja edhe në këtë lëmi. Për këtë dhe për një varg trajnimesh dhe takimesh të cilat gjatë muajit dhjetor i mbajti BNJVL do të lexoni më gjërë në këtë numër të Gazetës. Sepse numri tjetër i Gazetës sonë dhe tuaj, do të dalë në vitin 2010, shfrytëzoj rastin t'ju dëshiroj sukses dhe mbarësi në VITIN E RI 2010, me shëndet të mirë dhe çaste të lumtura.

Me respekt,

Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Извршен директор на ЗЕЛС**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС**
Ардита Дема

**Уреднички колегиум**
Весна Арсовска - Динковска, Наташа Вртеска, Виктор Арнаудовски

**Дизајн и подготовка за печат**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Печати**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv**
Ardita Dema

**Bordi redaktues**
Vesna Arsovska - Dinkovska, Natasha Vrteska, Viktor Arnaudovski

**Pergatitje per shtyp**
PRINT CENTAR

**Shtyp**
PRINT CENTAR

# БРОЈОТ НА ОПШТИНИТЕ ВО ВТОРА ФАЗА, ЗГОЛЕМЕН ЗА УШТЕ ЕДНА ОПШТИНА

Комисијата за следење и оценка на исполнетост на условите за преминување во втората фаза од процесот на фискална децентрализација, на состанокот одржан на 14 декември 2009 година, врз основа на извршената евалуација даде ,,зелено светло,, за Општина Петровец за влезе во втората фаза од фискалната децентрализација . Комисијата ги разгледуваше и можностите за 16 –те општини кои се уште остануваат во првата фаза да се класифицираат во три групи, со цел да се направат напори, да им се помогне и што поскоро и тие да преминат во повисоката фаза од децентрализацијата

**1.** Општини кои немаат исполнување на критериуми за прва фаза, односно немаат доволен број на вработени во одделенијата за данок на имот,се препорачува тие општини да остварат меѓуопштинска соработка со блиските општини, за да ги исполнат критериумите.

**2.** Втората група ја сочинуваат опш тини, кои се во прва фаза заради блокираните сметки, но со измена на Законот за финансирање и врз основа на преговорите на ЗЕЛС, се очекува наредната година да добијат безкаматни позајмици од Владата и на тој начин да им се овозможи да влезат во втора фаза.

**3.** Во третата група на општини се наоѓаат тие чии што сметки се презадолжени, а Владата нема можност да им даде толкава финансиска подршка. Се очекува дека со промена на условите за добивање на согласност за кредитоспособност, на овие општини ќе им се овозможи задолжување во комерцијалните банки.

На состанокот се дискутираше и за процентот на наплата на даноци на имот и други изворни приходи на општините. Се побара општините да изготват акциони планови за подобрување на наплатата. Беше посочено дека одреден број на општини не ја почитува законската обврска за испраќање на квартални финансиски извештаи до министерството за финансии, која предвидува и законски казни како за општината, така и лично за градоначалникот, и беше препорачано општините да го почитуваат Законот.

**ЗЕЛС**

**ВИ ЈА ЧЕСТИТА**

**НОВАТА 2010 ГОДИНА**

**И ВИ ПОСКАУВА ДОБРО ЗДРАВЈЕ И УСПЕШНИ АКТИВНОСТИ НА ВАШАТА ОПШТИНА**

**BNJVL**

**JU URON**

**VITIN E RI 2010**

**DHE JU DËSHIRON SHËNDET DHE AKTIVITETE TË SUKSESSHME KOMUNËS SUAJ**



# NUMRI I KOMUNAVE NË FAZËN E DYTË, I RRITUR EDHE ME NJË KOMUNË

Komisioni për vëzhgim dhe vlerësim i plotësimit të kushteve për kalimin në fazën e dytë nga procesi i decentralizimit fiskal, në mbledhjen e mbajtur më 14 dhjetor 2009, në bazë të evaluimit ekzekutues dha ,,dritë jeshile,, për Komunën e Petrovecit që të hyn në fazën e dytë nga decentralizimi fiskal. Komisioni i shqyrtoi edhe mundësitë për 16 komunat të cilat akoma mbesin në fazën e parë të klasifikohen në tre grupe, me qëllim të bëhen hapa, t'ju ndihmohet dhe sa më shpejtë edhe ato të kalojnë në fazën më të lartë nga decentralizimi.

**1.** Komunat që nuk kanë përmbushur kriteret për fazën e parë, respektivisht nuk kanë numër të mjaftueshëm të punonjësve në seksionet për tatim të pronës, rekomandohet që ato komuna të realizojnë bashkëpunim ndërkomunal me komunat e afërta, për t'i përmbushur kriteret.

**2.** Grupin e dytë e përbëjnë komunat, që janë në fazën e parë për shkak të llogarive të bllokuara, por me ndryshimin e ligjit për financim dhe në bazë të negociatave me BNJVL-në, pritet vitin e ardhshëm të fitojnë hua pa kamatë nga Qeveria dhe në atë mënyrë t'ju mundësohet hyrja në fazën e dytë.

**3.** Në grupin e tretë të komunave ndodhen ato, llogaritë e të cilave janë të mbingarkuara, dhe Qeveria nuk ka mundësi t'ju jep përkrahje aq të madhe financiare. Pritet që me ndryshimin e kushteve për marrjen e pajtueshmërisë për aftësi kreditore, komunave do t'ju mundësohet detyrim në bankat komerciale.

Në mbledhje u diskutua edhe për përqindjen e pagesës së tatimeve të pronës dhe të ardhurave tjera burimore të komunave. U kërkua që komunat të përgatisin plane akcionare për përmirësimin e pagesës. Ishte përmendur se numër i caktuar i komunave nuk e respektojnë detyrimin ligjor për dërgimin e raporteve financiare kuartale deri te ministria për financa, e cila parashikon edhe dënime ligjore si për komunën, por edhe personalisht edhe për kryetarin, dhe u rekomandua që komunat t'a respektojnë ligjin.



# ПОЗИТИВНИ СТАВОВИ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ЗА ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАЊЕ НА ФОРУМИТЕ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ

Од деветти до 21 декември,2009 година во четири градови во Република Македонија (Велес – 09.12.2009г.; Струмица – 11.12.2009 г.; Струга – 15.12.2009 г. и Скопје – 21.12.2009 г. ) се одржаа четири регионални работилници во рамки на активностите кои ЗЕЛС ги презема за реализација на проектот ,,Институционализација на форумите во заедниците",чија што имплементација е подржана од Швајцарската агенција за соработка и развој од 2006 година.

Работилниците беа наменети за градоначалниците и претседателите на советите на единиците на локолната самоуправа. Ангажираните експерти, Горан Ангелов и Бранко Трајчевски, претставникот од ЗЕЛС и претставник од единицата Координација на форумите, Кристина Хаџи – Василева ги презентираа изготвената Предлог – статутарната одлука за измена на статутот на единиците на локалната самоуправа и Предлог – правилникот за организирање и одржување на форумите во заедниците на локалната самоуправа. ,,Форумите во заедниците" беа презентирани како нов модел на демократско учество на граѓаните, при што беше особено значајно да се добијат повратни информации, мислења и ставови од страна на присутните за негово евентуално инкорпорирање во општинските статути, односно ќе претставува дополнување во главата во статутите на ЕЛС, каде засега се регулира учеството на граѓатните преку јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните...

Досега ,,форуми во заедниците" беа организирани во 25 општини, па претставниците од овие општини во дискусијата ги пренесуваа своите позитивни искуства од примената на оваа форма на демократско учество на граѓаните и имаа многу позитивна оценка во однос на предлозите за нивно институционализирање,

# QËNDRIME POZITIVE TË PUSHTETEVE LOKALE PËR INSTITUCIONALIZIMIN E FORUMEVE NË BASHKËSITË

Nga nëntë e deri më 21 dhjetor, të vitit 2009 në katër qytete në Republikën e Maqedonisë (Veles – 09.12.2009; Strumicë – 11.12.2009; Strugë – 15.12.2009 dhe Shkup – 21.12.2009) u mbajtën katër punëtori regjionale në kuadër të aktiviteteve që BNJVL i ndërmorri për realizimin e projektit ,,Institucionalizimi i forumeve në bashkësi", implementimi i së cilit është përkrahur nga Agjencioni Zviceran për bashkëpunim dhe zhvillim nga viti 2006.

Punëtoritë ishin të dedikuara për kryetarët e komunave dhe kryetarët e këshillave të njësive të vetëqeverisjes lokale. Ekspertët e angazhuar, Goran Angelov dhe Branko Trajçevski, përfaqësuesi nga BNJVL dhe përfaqësues nga njësia Koordinimi i forumeve, Kristina Haxhi-Vasileva i prezantuan hartimin e propozim – vendimit statutor për ndryshimin e statutit të njësive të vetëqeverisjes lokale dhe Propozim – rregulloren për organizimin dhe mbajtjen e forumeve në bashkësitë e vetëqeverisjes lokale. ,,Forumet në bashkësi" ishin të prezantuara si model i ri i pjesëmarrjes demokratike të qytetarëve, me çka veçanërisht ishte e rëndësishme të merren informacione kthyese, mendime dhe qëndrime nga ana e pjesëmarrësve për përfshirjen eventuale në statutet komunale, respektivisht do të paraqet plotësim në kapitullin e statuteve të NJVL-ve, ku tani rregullohet pjesëmarrja e qytetarëve nëpërmjet tribunave publike, anketave, propozimeve të qytetarëve...

Deri më tani ,,forume në bashkësi" ishin organizuar në 25 komuna, ku përfaqësuesit nga këto komuna në diskutim i përcollën përvojat e tyre pozitive nga zbatimi i kësaj forme të pjesëmarrjes demokratike të qytetarëve dhe patën vlerësim të madh pozitiv në lidhje me propozimet për institucionalizimin e tyre, për shkak se konsiderojnë

бидејќи сметат дека ваквиот начин на вклученост на граѓаните во работењето на општината дава одлични резултати и за двете страни. Со институционализација на ,,форумите во заедниците,, ќе се овозможи нивно интегрирање во рамките на општинските статути, и тоа како форма на демократско учество на граѓаните, со цел да се зацврсти улогата на граѓаните во подобрувањето на сопствениот живот преку давање на сопствени идеи и преку учество и истовремено ќе овозможи администрацијата да го развие партиципативното и одговорно локално владеење. До крајот на јануари ќе бидат собрани сите писмени мислења од страна на општините за предлог доставените документи,а дури потоа, прифатените финално изготвени верзии ќе бидат доставени на усвојување од страна на општинските совети.

se mënyra e këtillë e përfshirjes së qytetarëve në punën e komunës jep rezultate të shkëlqyera për të dyja palët. Me institucionalizimin e ,,forumeve në bashkësi,, do të mundësohet integrimi i tyre në kuadër të statuteve komunale, dhe atë si formë të pjesëmarrjes demokatike të qytetarëve, me qëllim që të përforcohet roli i qytetarëve në përmirësimin e jetës personale nëpërmjet dhënies së ideve personale dhe nëpërmjet pjesëmarrjes dhe njëkohësisht do të mundëson administrata t'a zhvillon udhëheqjen participative dhe përgjegjëse. Deri ne fund të janarit do të mblidhen të gjitha mendimet e shkruara nga ana e komunave për propozim dokumentet e dorëzuara, dhe më pas, verzionet finale të pranuara do të jenë të dërguara në aprovim nga ana e këshillave komunale.

## СО МЕТОД НА ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ ДО ПОДОБРИ ПЕРФОРМАНСИ НА ЕЛС

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија на 18 декември спроведе еднодневна работилница за обучување на избрани и раководни лица од општините во областа на ефикасно управување. Во пилот активноста беа вклучени претставници од четири општини: Велес, Дебар, Струмица и Штип.

Целта на работилницата беше да се претстават индикаторите и алатките што можат да се користат при подобрување на перфомансите на општината во однос на услугите што таа ги дава на граѓаните, а со тоа и подобрување на јавното мислење во поглед на активностите што ги спроведува.

Системот за мерење на работењето на локалните власти, всушност, се состои од процеси, техники и методи за: идентификација на цели (остварувања, резултати) и мерење на напредокот кон нивното остварување. Тоа е континуирана и систематична спрега меѓу плановите и остварувањата, односно процес што започнува уште со планирањето, а продолжува со следење и мерење на остварувањето, за да придонесе кон следниот циклус планирање.

Идејата зад системот на ефикасно управување е тоа што ако не ги мериме остварувањата, не можеме да го разликуваме успехот од неуспехот, а ако не можеме да го видиме успехот, не ќе можеме да го наградиме, да учиме од него, да ги воочиме грешките.

Користа од примената на системот на управување со остварувањата е повеќекратна и тоа: дава фокус за приоретизирање при донесувањето на одлуки, е основа за да сфатиме што функционира, а што не функционира, дава можност за споредба меѓу различни услуги и типови извршители, овозможува проверка на извршувањето на услугите и за сето тоа ја информира јавноста со што се зголемува отчетност пред граѓаните.

## ME METODIN PËR MENAXHIM EFIKAS DERI NË PERFORMANSA MË TË MIRA TË NJVL

Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë më 18 dhjetor realizoi punëtori njëditore për trajnimin e personave udhëheqës nga komunat në lëminë e menaxhimit efikas. Në pilot aktivitetet u përfshinë përfaqësues nga katër komuna: Veles, Dibër, Strumicë dhe Shtip.

Qëllimi i punëtorisë ishte që të paraqiten indikatorët dhe mjetet të cilat mund të shfrytëzohen gjatë përmirësimit të performansave të komunës lidhur me shërbimet të cilat ajo u'a ofron qytetarëve, e me të edhe përmirësimin e opinionit publik në pikëpamje të aktiviteteve të cilat i zbaton.

Sistemi për matjen e punës së pushteteve lokale, në të vërtetë përbëhet nga proceset, teknikat dhe metodat për: identifikimin e qëllimeve (realizime, rezultate) dhe matjen e avancimit të realizimit të tyre. Është një mbrehje e kontinuar dhe sistematike midis planeve edhe realizimeve, përkatësisht proces i cili fillon që nga vetë planifikimi, e që vazhdon me ndjekjen dhe matjen e realizimit, që të kontribuojë drejt ciklit të ardhshëm të planifikimit.

Idea e sistemit të menaxhimit efikas është ajo se nëse nuk i matim realizimet, nuk mund t'a dallojmë suksesin nga mossuksesi, ndërsa nëse nuk mund t'a shohim suksesin nuk do të mund t'a shpërblejmë, të mësojmë nga ai, të mësojmë nga gabimet.

Dobia nga zbatimi i sistemit të menaxhimit me realizimet e shumëfishta dhe atë: jep fokus për prioritizimin gjatë sjelljes së vendimeve, e bazë që të kuptojmë çka funkcionon, e çka nuk funkcionon, jep mundësi për krahasim midis shërbimeve të ndryshme dhe llojeve të ekzekutuesve, mundëson kontroll të kryerjes së shërbimeve dhe e tërë kjo e informon publikun me çka rrit edhe llogaridhënien para qytetarëve.




# ЗЕЛС ОРГАНИЗИРА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ИКТ

-Состојбата во областа на информатичко комуникациската технологија во општините е далеку од задоволителна и покрај огромниот напредок што за овој краток период од децентрализацијат го постигнаа општините во оваа област", истакна во својот говор, Зоранчо Алексов, претседател на Комисијата за е-општини при ЗЕЛС и градоначалник на Општина Штип, на првата Конференција за имплементираноста и развојот на ИКТ во единиците на локалната самоуправа, што ја организираше ЗЕЛС, на 23 декември 2009 година во,, Холидеј Ин" во Скопје. На Конференцијата на која присуствуваше и министерот за информатичко општество, Иво Ивановски, градоначалници, општински ИКТ советници и други гости, беше промовиран и Прирачникот за изработка на локални ИКТ стратегии, што го реализира ЗЕЛС и во кој се содржани анализите за актуелните состојби на општините во ИКТ, дадени се добрите примери од оваа област,реализирани досега од страна на локалните власти и воедно се утврдени насоките за изработување на сопствена Стратегија за ИКТ за секоја општина. На тој начин ЗЕЛС го дава својот придонес за развој на општините во ИКТ и намалувањето на дигиталниот јаз, а истовремено придонесува за исполнувањето на препораката за изработување на сопствени стратегии за ИКТ предвидена во Националната стратегија за развој на електронски комуникации со информатичка технологија (НСЕКИТ) усвоена минатата година. За уште поголемо олеснување во изработката на овие стратегии, ЗЕЛС избра четири пилот- општини: Валандово, Босилово, Новаци и Ресен, општини со различен степен на развој на ИКТ, на кои ќе им помогне во изработката на нивните ИКТ стратегии, кои потоа ќе послужат како урнек за сите останати општини кои ќе пристапат во реализацијата на оваа национална препорака.

Градоначалникот Алексов истакна дека ЗЕЛС и Комисијата за е-општини во иднина своите активности ќе ги фокусираат и на обезбедување на услови за стандардизација на бази на податоци за софтветски решенија што ги користат општините за да можат меѓусебно лесно да разменуваат информации и да можат во иднина лесно да се надоградуваат. Акцент ќе биде ставен и на организирањето на обуки за забрзан развој на ГИС ситемите во општините и советувања на воведување на систем на заштита на личните податоци. Од особена важност за општините е и иницирањето за поинтензивно користење на слободен или лиценциран софтвер, а исто така беше нагласено дека ЗЕЛС размислува и во правец на креирање на своја стратегија за ИКТ и изработка на заеднички сервер за еклектронски услуги за општините.

Министерот за информатичко општество,Иво Ивановски изрази пофални зборови за активностите и ангажираноста на ЗЕЛС и на општините за интензивирање на користењето ИКТ во своето работење и за имплементирањето на препораките од Националните стратегии. Ивановски ,исто така, истакна дека општините се особено важни и во вклучувањето на проектот на Владата за е-документи на граѓаните.

Беше истакнато дека ИКТ претставува важна алатка во обезбедувањето на суштинска децентрализација, која бара брза размена на информации и поголема вклученост на електронските услуги за граѓаните, се со цел обезбедување на развој на ефикасно и ефективно работење на општините,.

Во изминатиот период, токму примената на информатичката и на комуникациската технологија во работењето на општинската администрација перидонесе во голем процент општините да станат поотворени, поефикасни, поажурни, како пред самите граѓани. така и во рамките на самата администрација.

# BNJVL ORGANIZOI KONFERENCË PËR TIK

-Gjendja në lëminë e tekonologjisë informativo komunikative në komuna është larg nga e mjaftueshmja edhe përskaj avancimit të madh që për këtë periudhë të shkurtër nga decenentralizimi e arritën komunat në këtë lëmi", theksoi në fjalimin e tij, Zoranço Aleksov, kryetar i komisionit për e-komuna pranë BNJVL-së dhe kryetar i komunës së Shtipit, në konferencën e parë për implementimin dhe zhvillimin e TIK në njësitë e vetëqeverisjes lokale, që e organizoi BNJVL, më 23 dhjetor 2009 në ,,Holidej In" në Shkup. Në konferencë ku ishte i pranishëm edhe ministri për shoqëri informative, Ivo Ivanovski, kryetarë komunash, këshilltarë komunal për TIK dhe mysafirë tjerë, ishte promovuar edhe Doracaku për përgatitjen e TIK strategjive lokale, që e realizoi BNJVL dhe në të cilin janë të përmbajtura analizat për gjendjet aktuale të komunave në TIK, janë dhënë shembujt e mirë nga kjo lëmi, të realizuara deri më tani nga ana e pushteteve lokale dhe njëkohësisht janë caktuar drejtimet për hartimin e strategjisë personale për TIK për secilën komunë. Në këtë mënyrë BNJVL jep kontributin e vet për zhvillim të komunave në TIK dhe zvogëlimin e hendekut digjital, dhe njëkohësisht kontribuon për plotësimin e rekomandimit për përpunimin e strategjive personale për TIK e parashikuar në strategjinë nacionale për zhvillim të komunikimeve elektronike me teknologji informative (NSEKIT) e miratuar vitin e kaluar. Për lehtësim akoma më të madh në përpunimin e këtyre strategjive, BNJVL zgjodhi katër pilot komuna: Vallandovë, Bosillovë, Novacë dhe Resnjë, komuna me shkallë të ndryshme të zhvillimit të TIK, të cilave do t'ju ndihmohet në hartimin e strategjive të tyre TIK, të cilat më tej do të shërbejnë si shembull për të gjitha komunat tjera të cilat do të aderojnë në realizimin e këtij rekomandimi nacional.

Kryetari Aleksov theksoi se BNJVL dhe Komisioni për e-

komuna në të ardhmen aktivitetet e veta do t'i fokuson edhe në sigurimin e kushteve për standardizimin e bazave të të dhënave për vendimet softverike që i shfytëzojnë komunat që të munden ndërmjet veti lehët të këmbejnë informacione dhe të munden në të ardhmen lehtë të avancohen. Theks u vendos edhe në organizimin e trajnimeve për zhvillim të shpejtë të GIS sistemeve në komunat dhe këshillime për vendosjen e sistemit të mbrojtjes për të dhënat personale. Me rëndësi të veçantë për komunat është edhe inicimi për shfrytëzim më intensiv të softverit të lirë apo të liçensuar, dhe gjithashtu ishte përmendur se BNJVL mendon edhe në drejtim të krijimit të strategjisë së vet për TIK dhe përpunim të serverit të përbashkët për shërbime elektronike për komunat.

Ministri për teknologji informative, Ivo Ivanovski shprehu fjalë lavdëruese për aktivitetet dhe angazhimin e BNJVL-së dhe të komunave për intensifikimin e shfrytëzimit të TIK në punën e saj dhe për implementimin e rekomandimeve nga strategjitë nacionale. Ivanovski, gjithashtu, përmendi se komunat janë veçanërisht të rëndësishme edhe në përfshirjen e projektit të Qeverisë për e-dokumentet e qytetarëve.

Ishte përmendur se TIK paraqet vegël të rëndësishme në sigurimin e decentralizimit thelbësor, që kërkon këmbim të shpejtë të informacioneve dhe përfshirje më të madhe të shërbimeve elektronike për qytetarët, me qëllim sigurimin e zhvillimit të punës efikase dhe efektive të komunave.

Në periudhën e kaluar, zbatimi i tekonologjisë informativo komunikative në punën e administratës komunale kontriboi në përqindje të madhe që komunat të bëhen më të hapura, më efikase, më azhuruese, si para vetë qytetarëve poashtu edhe në kuadër të vetë administratës.

## РАБОТИЛНИЦА ЗА Б-ИСКЗ ДОЗВОЛИ

**КОНСТАТИРАНИ МИНИМАЛНИ ПРИХОДИ И НЕДОСТАТОК ОД ДРУГИ СЕКТОРСКИ ОДОБРЕНИЈА И ДОЗВОЛИ**

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија, во декември, во рамки на проектот за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи, спроведе две работилници на кои беа повикани претставници од сите општини во Република Македонија. Работилницата опфати анализа на Б-дозволите (издадени и неиздадени), нотирање на постоечките проблеми, подготовка на акциони планови за издавање Б-дозволи, казнените одредби и инспекцискиот надзор во тек на процесот на разгледување на барањето за Б-дозвола поднесено од страна на Б-инсталација, како и инспекцијата по издавањето на дозволата.

За потребите на работилниците, ЗЕЛС изработи прашалник, кој го достави до сите општини во земјава. Анализата на пристигнатите одговори, даде пресек на состојбата со не/издадени Б-дозволи по општини. Во општиот заклучок е нотирано дека не постои преглед на точен број на Б-инсталации по општини, иако е забележително дека бројот на Б-инсталцаии по општини е поголем од очекуваното. Натаму, процесот на издавање на Б-дозволите од страна на општините е обременет поради недостаток од човечки ресурси, особено во средните и малите општини бидејќи законодавецот за издавање на Б-дозвлите предвидува најмалку две вработени лица по општина – едно за издавање на дозвола, а друго за инспекција. Натаму, како проблем што го отежнува процесот на издавање на Б-дозволите се наведуваат недоволната информираност на Б-инсталациите, непотполни поднесени барања, неисполнување на критериумите од страна на инсталција за добивање дозвола како недостаток на други секторски документи, одобренија, дозволи итн. Општините нотираа и дека приходите кои општината ги обезбедува од издавањето на Б-дозволите се минимални,односно едвај ги покриваат основните трошоци за водење на процесот за издавање Б-ИСКЗ дозвола.

Првата работилница се одржа во Маврово, а втората во Велес, каде над 70 учесници работеа и на конкретна нацрт дозвола, анализирајќи ги и споделувајќи ги искуствата за издавање Б-дозволи.



## PUNËTORI PËR B- PIKN LEJEN

**U KONSTATUAN TË ARDHURA MINIMALE DHE MUNGESË NGA MIRATIMET DHE LEJET TJERA TË SEKTORËVE**

Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë, në dhjetor, në kuadër të projektit për dhënien e B-lejeve integruese ekologjike, zbatoi dy punëtori, në të cilat u ftuan përfaqësues nga të gjitha komunat e Republikës së Maqedonisë. Punëtoria përfshiu analiza të B-lejeve, notim të problemeve ekzistuese, hartim të planit aksional për dhënien e B-lejeve, dispozitat penale dhe mbikëqyrje inspektuese gjatë procesit të mbikëqyrjes së kërkesës për B-leje të dorëzuar nga ana e B-instalacionit, si dhe inspekcioni pas dhënies së lejes.

Për nevojat e punëtorisë, BNJVL hartoi pyetësor, të cilin e u'a dorëzoi të gjitha komunave në vend. Analiza e përgjigjeve të arritura, bëri shqyrtim të gjendjes me B-lejet e pa/dhëna në komuna. Në konkluzionin e përgjithshëm u theksua se nuk ekziston kontroll i numrit të saktë të B-instalacioneve në komuna, edhe pse është për t'u përmendur se numri i B-instalacioneve në komuna është më i madh se sa është pritur. Procesi i dhënies së B-lejeve nga ana e komunave është i ngarkuar për shkak të mungesës së resurseve njerëzore, veçanërisht në komunat e mesme dhe të vogla, sepse ligjdhënësi për dhënien e B-lejeve parashikon më së paku dy persona të punësuar në komunë – njëri për dhënien e lejes, tjetri për inspektim. Më tutje, si problem që rëndon procesin e dhënies së B-lejeve nënvizohet: informimi i pamjaftueshëm për B-instalacionet, kërkesa jo të plota, mosplotësim të kritereve nga ana e instalacioneve për marrjen e lejes si mungesë e dokumenteve nga sektoret tjera, leje etj. Komunat theksuan se të ardhurat, të cilat komuna i siguron nga dhënia e B-lejeve janë minimale, përkatësisht mezi i mbulojnë shpenzimet themelore për kryerje të procesit për dhënien e B-PIKN lejes.

Punëtoria e parë u mbajt në Mavrovë, e dyta në Veles ku morën pjesë mbi 70 pjesëmarrës edhe në projekt-lejen, duke i analizuar dhe shkëmbyer përvojat për dhënien e B-lejeve.

# СПРОВЕДЕНИ ОБУКИ ЗА ПРИЕМ, ОДОБРУВАЊЕ И ИНСПЕКТОРИРАЊЕ НА ЕЛАБОРАТИ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Заедницата на единиците на локалната самоуправа, во декември, одржа четири еднодневни обуки за имплементација на одредбите од Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува елаборат во областа на животната средина, а за чија имплементација се надлежни општините и Градот Скопје. ЗЕЛС, обуките ги спроведе во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, кое учествуваше во обезбедување на експертскиот дел за нивна реализација.

Учесниците беа запознаени со правната основа за спроведување на прием, оценување, одобрување и инспекторирање на елаборатите. Стручниот дел беше поделен на два дела – теоретски и практичен, кој беше заокружен со анализа на текст на елаборат. Четвртата сесија беше посветена на инспекцискиот надзор за време на постапката за одобрување елаборати и по нивното одобрување.

Со обуката беа опфатени сите општини во Република Македонија, со цел општинската администрација да се подготви за оценување и одобрување на поднесени елаборати од страна на физички и правни лица кои според Уредбата вршат дејности и активности на територијата на општината за коишто е потребно изработка на елаборат. Обуките беа организаирани на иницијатива на повеќе општини, кои побараа итно спроведување на обуки за оваа проблематика, која стана надлежност на општините од јули, 2009 година. Целна група на обуките беа лицата задолжени за одобрување на елаборати од општините во Република Македонија.

На учесниците на обуките, покрај стекнатото знаење, ќе им биде доделен и сертификат за учество на обуките.

Општините учествува во покривањето на трошоците за обуката во вид на партиципација, практика која постепено преминува во долгорочно работење на ЗЕЛС.

# TRAJNIME TË ZBATUARA PËR PRANIM, PËR APROVIM DHE INSPEKTIM TË ELABORATEVE NË LËMINË E MJEDISIT JETËSOR

Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale, në dhjetor, mbajti katër trajnime njëditore për implementimin e dispozitave nga Rregullorja për veprimtari dhe aktivitete për të cilat detyrimisht hartohet elaborat në lëminë e mjedisit jetësor, për implementimin e të cilit kompetente janë komunat dhe Qyteti i Shkupit. BNJVL trajnimet i zbatoi në bashkëpunim me Ministrinë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor të R.M., që morri pjesë në sigurimin e pjesës së eksertëve për realizimin e tyre.

Pjesëmarrësit u njohën me bazën juridike për zbatimin e pranimit, vlerësimit dhe inspektimit të elaborateve. Pjesa profesionale u nda në dy pjesë – teorike dhe praktike, e cila u rrumbullakësua me analizë të tekstit për elaborat. Sesioni i katërt i'u dedikua mbikëqyrjes inspektuese gjatë procedurës për aprovim të elaborateve edhe pas aprovimit të tyre.

Me trajnim u përfshinë të gjitha komunat në R.M., me qëllim që administrata komunale të përgatitet për vlerësim dhe aprovim të elaborateve të dorëzuara nga ana e perosonave fizik dhe jurdik sipas Rregullores që kryejnë veprimtari dhe aktivitete në territorin e komunave për të cilat është i nevojshëm hartim i elabortatit. Trajnimet u organizun me iniciativë të më shumë komunave, të cilat kërkuan zbatim urgjent të trajnimeve lidhur me këtë problematikë, që hyri në kompetencat e komunës prej korrikut të vitit 2009. Grupi qëllimor i trajnimeve ishin personat përgjegjës për aprovim të elaborateve nga komunat e Republikës së Maqedonisë.

Pjesëmarrësve në trajnime, krahas diturive të arritura, do t'u jepet edhe qertifikatë për pjesëmarrjen në trajnim.

Komunat morrën pjesë në mbulimin e shpenzimeve të trajnimeve në formë të participimit, praktikë kjo që gradualisht kalon në punë afatgjate të BNJVL-së.

# ЛОГИН

## ТЕСТ ФАЗА И ПРИМЕНА НА ЕЛЕКТРОНСКО ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Комплетирањето на експертскиот материјал – лектура, превод и визуелно поставување беа активностите во изминатиот период врзани за воспоставување на електронското учење во рамки на проектот ЛОГИН на ЗЕЛС. Следната, 2010 година ќе се спроведат тест фазата и конечното „пуштање во употреба" на електронскитот модул.

Секој експертски материјал се состои од дел за учење и дел за проверка на знаењето. Врз основа на резултатите од делот за проверка, „студентот" ќе се задобие со сертификат за познавање на областа.

Најдиректен бенефит од воведувањето на електронското „учење на далечина" би имала компонентата „градење на капацитетите" на општините, при што во многу ставки би ги намалила трошоците, би се стремила кон стандардизирање на градивото за учење, би барала активно и истражувачко учество на корисниците и би ја отворила можноста експертизата по одредена проблематика да биде подостапна и пораспространета.

Едновремено, продолжува поставувањето документи во категријата Библиотека, сместена на интернет страницата на ЗЕЛС под ЛОГИН менито, и со тоа Ви се достапни најновите материјали што ги засегаат општините во земјава.

# LOGIN

## TEST FAZA DHE ZBATIMI I NDËRTIMIT ELEKTRONIK TË KAPACITETEVE TË KOMUNAVE

Kompletimi i materialit të plotë – lekturimi, përkthimi dhe vendosja vizuale ishin aktivitetet në periudhën e kaluar të lidhura për vendosjen e mësimit elektronik në kuadër të projektit LOGIN i BNJVL-së. Në vijim të vitit 2010 do të zbatohen test faza dhe ,,lëshimi në përdorim" i modulit elektronik.

Secili material ekspertik përbëhet nga pjesë për mësim dhe pjesë për kontroll të diturisë. Në bazë të rezultateve nga pjesa për kontroll ,,studenti" do të fiton çertifikat për njohjen e lëmisë.

Benefit më direkt nga vendosja e mësimit elektronik ,,në largësi" do të kishte komponenta ,,ndërtimi i kapaciteteve" të komunave, me çka në shumë paragrafe do t'i zvogëlonin shpenzimet, do të drejtoheshin kah standaridzimi për mësim, do kërkonin pjesëmarrje aktive dhe vëzhguese të përdoruesve dhe do e hapte mundësinë që ekspertiza sipas problematikës së caktuar të jetë më e arritshme.

Njëkohësisht, vazhdon vendosja e dokumenteve në kategorinë biblioteka, e vendosur në internet faqen e BNJVL-së nën LOGIN menynë, dhe me atë ju janë të arritshme materialet më të reja që i tangojnë komunat në vend.

# ОДДРЖАНА ШЕСТАТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС



На 16 декември, 2009 година, во хотелот ,,Александар палас" Управниот одбор на ЗЕЛС ја оддржа својата шеста седница. На почетокот на седницата претставници од Проектот на УСАИД, ЊОРЛД ЛЕАРНИНГ, го презентираа извештајот од првичната анализа на капацитетите на ЗЕЛС, при што беа предложени и одредени предлози за нивно зајакнување и идната соработка и поддршка на ЗЕЛС. Беше потпишан и Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и УСАИД од страна на претставниците од претседателоството на ЗЕЛС и Мајкл Фриц, директор на УСАИД Мисијата во Република Македонија Беа утврдени и членовите на Комисијата од редовите на градоначалниците, што ќе започне со креирањето на новата Стратегија на ЗЕЛС за 2011 -2015 година.

На седницата присуствуваше и претставник од Управниот Одбор на ЕВН ЕСМ во Македонија, г-дин Грасман, кој беше повикан на барање на ЗЕЛС, по претходно испратените заклучоци од ад-хок Комисијата при ЗЕЛС, формирана за решавање на проблемите на општините со оваа компанија. Г-дин Грасман пред членовите на УО истакна дека ЕВН ЕСМ е отворена и понатаму за соработка со општините и дека ќе излезе во пресрет за разрешување на сите проблеми, во рамките на законските можности и дека на првата следна седница на нивниот Управен одбор ќе ги разгледа барањата од ЗЕЛС. Тој информира дека, како и ЗЕЛС и тие формирале Комисија, која ќе ја води г-дин Игор Гиевски, претставник од ЕВН ЕСМ и која ќе биде во постојани контакти и разговори со претставниците од ЗЕЛС, при што беше договорена и заедничка средба на двете комисии, за 11 јануари 2010 година. Потоа се отвори дискусија по донесените заклучоци од оваа ад - хок Комисија и истите беа надополнети од присутните, а беше предложено да бидат испратени до сите општини на натамошно дополнување и прецизирање со цел поподготвено да се излезе во претстојните преговори со ЕВН ЕСМ.

Претседателот на ЗЕЛС Коце Трајановски, информираше за средбата со министерот за финансии и позитивните информации добиени за локалните власти, во однос на долгорочните позајмици во траење од 7 години, со 2 годишен грејс период за комуналните општински претпријатија, со цел овозможување на нивно непречено извршување на услугите кон граѓаните, како и за претстојните законски измени што ќе овозможат поповолни и пофлексибилни услови за кредитирање на општините.Трајановски ги изнесе и заклучоците од составот на Комисијата за следење и оценка на исполнетоста на условите за применување во втората фаза од процесот на фискалната децентрализација и информираше дека и општина Петровец ја мина евалуацијата и дека во втората фаза останаа уште 16 општини, при што беа изнесени предлозите како ЗЕЛС и другите општини можат да им помогнат во нивниот напредок. Исто така присутните беа запознаени и за разговорите на средбата со министерот за образование која беше оценета како непродуктивна, бидејќи не се наишло на подготвеност од ова министерство за поддршка на локалните власти за надминување на состојбата со намалувањето на средствата за образование на општините во износ од околу 300 милиони денари за 2010 година. Градоначалниците бараа да се изврши поголем притисок врз централната власт во однос на ова намалување на средства за следната година како и во однос на намалувањето на средствата од фондот за патишта,клучни области, во кои локалните власти покажаа најголеми достигнувања и резултати и кои се најсензибилни за сите категории граѓани. Беше побарано интензивирање на овие преговори и промени во методологиите за финансирање на овие надлежности. Присутните членови на УО ја прифатија Декларацијата за соработка на советот на општината со комсијата за односи меѓу заедниците, што треба да биде разгледувана од одредени Совети на општините, а исто така беше одобрен и Меморандумот за разбирање помеѓу Карана корпорација и Општините во однос на преземање на заеднички напори за подршка, развој, унапредување и имплементација на компонентата за развој на работната сила.

# MBAJTJA E SEANCËS SË GJASHTË TË BORDIT DREJTUES TË BNJVL-SË



Më 16 dhjetor 2009, në hotelin „Aleksandar Pallas" Bordi drejtues i BNJVL-së mbajti seancën e gjashtë. Në fillim të seancës përfaqësuesit nga Projekti i USAID, WORLD LEARNING, prezantuan raportin nga analiza e parë e kapaciteteve të BNJVL-së, me çka u propozuan edhe propozime të caktuara për forcimin e tyre dhe bashkëpunim në të ardhmen si dhe përkrahje të BNJVL-së. Ishte firmosur Memorandum për bashkëpunim ndërmjet BNJVL-së dhe USAID-it nga ana e përfaqësuesve të kryesisë së BNJVL-së dhe Majkll Fric, drejtor i USAID Misioni në Republikën e Maqedonisë. U caktuan edhe anëtarët e Komisionit nga rradhët e kryetarëve të komunave, me çka do të fillojnë me krijimin e strategjisë së re të BNJVL-së për vitin 2011-2015.

Në seancë morri pjesë edhe përfaqësues i Bordit drejtues të EVN EEM në Maqedoni, z. Grasman, i cili ishte i thirrur me kërkesë të BNJVL-së, pas konkluzioneve paraprakisht të dërguara nga ad-hok Komisioni pranë BNJVL-së, e formuar për zgjidhjen e problemeve të komunave me këtë kompani. Z. Grasman para anëtarëve të BD theksoi se EVN EEM është e hapur edhe më tutje për bashkëpunim me komunat dhe se do t'ju del në vigjilje për zgjidhjen e të gjitha problemeve, në kuadër të mundësive ligjore dhe se në seanën e parë vijuese të bordit të tyre drejtues do t'i shqyrton kërkesat e BNJVL-së. Ai informoi se, sikur BNJVL edhe ata formuan komision, të cilën do t'a udhëheq z. Igor Gievski, përfaqësues nga EVN EEM që do të jetë në kontakte dhe biseda të rregullta me përfaqësuesit e BNJVL-së, me çka ishte kontraktuar edhe takim i përbashkët i të dyja komisioneve, për 11 janar të vitit 2010. Pastaj u hap diskutim pas konkluzioneve të miratuara nga ad-hok komisioni dhe të njejtat ishin të plotësuara nga pjesëmarrësit, si dhe ishte propozuar të dërgohen deri te të gjitha komunat në plotësim të mëtutjeshëm dhe precizim me qëllim që të paraqiten më të përgatitur në negoiciatat vijuese me EVN EEM.

Kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski, informoi për takimin me ministrin e financave dhe inforamcionet e marra pozitive për pushtetet lokale, në lidhje me huat afatgjate në kohëzgjatje prej 7 viteve, me 2 vjet grejs periudhë për ndërmarrjet komunale, me qëllim mundësimin e ekzekutimit të shërbimeve për qytetarët, si dhe për ndryshimet ligjore që do të mundësojnë kushte më të volitshme dhe më fleksibile për kreditimin e komunave. Trajanovski përmendi konkluzionet nga mbledhja e Komisionit për vëzhgimin dhe vlerësimin e plotësimit të kushteve për kalimin në fazën e dytë nga procesi i decentralizimit fiskal dhe informoi se edhe komuna e Petrovecit kaloi evaluimin dhe se në fazën e dytë mbetën edhe 16 komuna, me çka u paraqitën propozimet se si BNJVL dhe komunat tjera mund t'ju ndihmojnë në përprarimin e tyre. Gjithashtu pjesëmarrësit ishin të njoftuar edhe për bisedat në takimin me ministrin për arsim që u vlerësua si joproduktive, për shkak se nuk është gjetur në gaditshmëri nga kjo ministri për përkrahjen e pushteteve lokale për tejkalimin e gjendjes me zvogëlimin e mjeteve për arsim të komunave në shumë prej rreth 300 milionë denarësh për vitin 2010. Kryetarët e komunave kërkuan të bëhet presion më i madh ndaj pushtetit qendror në lidhje me zvogëlimin e mjeteve për vitin vijues si dhe në raport me zvogëlimin e mjeteve nga fondi për rrugë, lëmi kryesore, në të cilat pushtetet lokale treguan arritje më të mëdha dhe rezultate të cilat janë më senzibilizuese për të gjitha kategoritë e qytetarëve. Ishte kërkuar intensifikimi i këtyre negociatave dhe ndryshimeve në metodologjitë për financimin e këtyre kompetencave. Anëtarët pjesëmarrës të BD e pranuan Deklaratën për bashkëpunim të këshillit të komunës me komisionin për marrëdhënie midis bashkësive, që duhet të jetë i shqyrtuar nga Këshillat e caktuar komunal, dhe njëkohësisht ishte miratuar edhe Memorandumi për mirëkuptim midis korporatës dhe komunave në lidhje me ndërmarrjen e hapave të përbashkët për përkrahje, zhvillim, avancim dhe implementim të komponentës për zhvillim të fuqisë punuese.



# ОРГАНИЗИРАНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „ЧЕТИРИ ГОДИНИ ОД ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА ВО РМ"

**ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОГОЛЕМА ИНФОРМИРАНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВАЖНИ КОМПОНЕНТИ ЗА НАТАМОШЕН УСПЕХ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА**

-,,Четири години децентрализација, четири години активно залагање на локалните власти за обезедување на поквалитетни услови и услуги на своите граѓани. Сметам дека успеавме во реализацијата на процесот на децентрализацијата, дека направивме многу,особено ако имаме во предвид во какви услови ги наследивме префрлените надлежности, во однос на финансиите и административни капацитети. Успеси постигнавме и во оваа четврта година, кога успеавме да издејствуваме кај централната власт, со земјиштето да управуваат општините како и во однос на дефинитивното помрднување од мртва точка за зголемувањето на зафаќањето до ДДВ. Потврда за нашето добро работење, добивме и од граѓаните, оние кои се насочени нашите услуги, бидејќи на годинашните локални избори, околу 30% од градоначалниците беа реизбрани и добија нов мандат. Дека, локалните власти се на вистинскиот пат беше нотирано и во последниот Извештајот на Европската Комисија за реформските достигнувања на нашата земја. Транспарентно, нашите успеси и идни проекти пред граѓаните општините ги изнесоа на петтиот по ред саем на општините,ЗЕЛС ЕКСПО 2009 ", што се одржа минатиот месец. Но не се задоволуваме со постигнатото и не застануваме тука. Напротив имаме се уште големо поле за работа и активности, особено во правец на постигнување на поголема финансиска независност на општините. Токму на овој план ќе ги зајакнеме нашите идни заеднички активности се со цел да постигнеме подобри услови за нашите граѓани. Бидејќи сакаме тие да бидат горди на својата општина, да имаат желба да останат во неа и покрај сега веќе подотворените врати на Европа, да работат во неа и таму да ја креираат својата иднина."

Ова беше дел од говорот на Претседателот на ЗЕЛС Коце Трајановски, што го изнесе на Конференцијата ,,Четири години од процесот на децентрализација во Република Македонија" што ЗЕЛС со поддршка на ОБСЕ, го организираше на 17 декември, во ,, Александар палас" во Скопје. На конференцијата присуствуваа бројни градоначалници, претставници од локалната и од централната власт, од меѓународните организации присутни во нашата земја , како и значајни амбасадори.

На присутните им се обрати и шефот на Мисијата на ОБСЕ, Хозе Луис Хереро, кој го истакна големото значење на процесот на децентрализацијата за нашата земја, каде симнувањето на власта блиску до граѓаните е од особено значење. Тој истакна дека ОБСЕ, како и во изминатите години и оваа направи Извештај за децентрализацијата во нашата земја, врз основа на прашалници одговорени од локални власти, граѓаните и советниците, каде се забележува напредокот на овој процес, но истовремено се детектираат и одредените негови слабости, на кои локалните власти во иднина треба да посветат поголемо значење. Позитивни оценки за постигнатите резултати на локалните власти изнесе и Евроамбасадорот Ерван Фуере, но ја потенцира потребата од зајакнување на капацитетите на администрацијата како клучен фактор за уште поголем напредок. Тој истакна дека градоначалниците само со добро обучена администрација можат да добијат уште поголема подрршка во спроведувањето на своите активности и дека треба да утврдат цврсти стандарди за квалитетот и квалификациите на својата администрација.

Заменик амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Р.М Томас Хавратил уште еднаш ја потврди заложбата на САД да го подржува процесот на децентрализација во земјава, при што особено го потенцираше значењето на ЗЕЛС како исклучително асоцијација во која единството на локалните власти е највисокиот дострел и пример како треба







и натаму да се спроведува овој процес. За швајцарската амбасадорка Никол Вирч, еден од важните услови за натамошнен напредок на децентрализацијата е поголемата вклученост на граѓаните во донесувањето на значајни одлуки за локалната власт, за што врочем швајцарската влада сега дава голема подршка на локалните власти во нашата земја. Во името на централната власт говореа заменик пртседателот на Владата на РМ, Абдулаким Адеми, кој истакна дека приоритет на Владата и натаму останува подршката и развојот на децентрализацијата во земјата за што таа секогаш е отворена за разговори и преговори со локалните власти за нивните потреби. За европските насоки на земјава, каде децентрализацијата е еден од важните приоритети говореше вицепремиерот за евроинтеграции во Владата на РМ, г-дин Васко Наумовски, а министерот за локална самоуправа Муса Џафери истакна дека локалната демократија е услов за подобро градење на европските стандарди и просперитет на нашата земја.

На крајот на Конференцијата , претставниците од ОБСЕ, ги презентираа резултатите од Извештајот за децентрализацијата, каде ги потенцираа и препораките за обезбедување на поголема транспарентност и комуникација на локалните власти со своите граѓани, зајакнување и подршка на работењето на Комисиите за односи со заедниците и професионализација на општинската администрација.






ЗЕЛ
ZELS







# U ORGANIZUA KONFERENCA

